Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Р.Македонија" бр. 53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10; 124/10; 51/11; 123/12; 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Р.С.Македонија" бр 89/22 и 171/22), **Општина Штип,** на ден: 18.10.2024 година, донесе:

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.7 – производство на мебел од дрво, метал, пластика на КП 229/1, КП 229/2, КП 230/1, КП 231/1, КП 231/2, КП 231/3, КП 231/4, КО Криви Дол, Општина Штип,кој го донесува Советот на општина Штип потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.7 – производство на мебел од дрво, метал, пластика на КП 229/1, КП 229/2, КП 230/1, КП 231/1, КП 231/2, КП 231/3, КП 231/4, КО Криви Дол, Општина Штип,кој го донесува Советот на општина Штип , се определуваат следните субјекти:Локална самоуправа на општина Штип, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство, Министерство за култура, Министерство за здравство, Министерство за економија, Министерство за труд и социјална политика, Дирекција за заштита и спасување, Агенција за државни патишта, ЕВН, Македонски телекомуникации, Комуналните претпријатија, Невладини организации, претставници од стопанскиот и граѓанскиот сектор.

3. За изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.7 – производство на мебел од дрво, метал, пластика на КП 229/1, КП 229/2, КП 230/1, КП 231/1, КП 231/2, КП 231/3, КП 231/4, КО Криви Дол, Општина Штип,кој го донесува Советот на општина Штип ,за чија изработка е одговорна Општина Штип, а го донесува Советот на општина Штип, донесувањето на Планска програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.7 – производство на мебел од дрво, метал, пластика на КП 229/1, КП 229/2, КП 230/1, КП 231/1, КП 231/2, КП 231/3, КП 231/4, КО Криви Дол, Општина Штип,кој го донесува Советот на општина Штип ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: Здравје на населението и социоекономски развој, заштита и управување со емисиите во воздух, вода, почва, заштита и унапредување на биолошка разновидност, управување со емисии од бучава, отпад, заштита и унапредување на пејзажот, заштита на културно наследство и материјални добра, управување со несреќи и хаварии.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Штип на следната веб адреса/и: www.stip.gov.mk.

6. Против ова Одлука подносителот може да поднесе жалба до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страна.

Бр.18/24-275
Дата: 18.10.2024год.
Штип

Градоначалник
на Општина Штип
Иван Јорданов